УРП.бр.80/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар - судски советник Добрила Бришкоска Арсова, одлучувајќи по тужбата на тужителот Група избирачи Гоце Ристов за Локални избори 2025, поднесена преку овластено лице Гоце Ристов од Кавадарци, против Решението на Општинска изборна комисија Кавадарци бр.11-28/5 од 17.09.2025 година, за отфрлање на листа на кандидати за избор на членови на совет на Општина Кавадарци за Локални избори 2025, согласно член 67 став 9 од Изборниот законик, на ден 30.09.2025 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот Група избирачи Гоце Ристов за Локални избори 2025, поднесена преку овластено лице Гоце Ристов од Кавадарци, изјавена против Решението на Општинска изборна комисија Кавадарци бр.11-28/5 од 17.09.2025 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕНАВРЕМЕНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение на Општинска изборна комисија Кавадарци бр.11-28/5 од 17.09.2025 година, листата на кандидати за избор на членови на совет на Општина Кавадарци поднесена од подносителот Група избирачи Гоце Ристов, се отфрла.

Незадоволен од решението на Општинска изборна комисија Кавадарци, тужителот Група избирачи Гоце Ристов преку овластено лице Гоце Ристов од Кавадарци, поднесе тужба во која наведе дека со оспореното решение на Општинска изборна комисија Кавадарци бр.11-28/5 од 17.09.2025 година, примено на 24.09.2025 година, ОИК Кавадарци донела одлука да се отфрли т.е. да не се прифати листата на кандидати за избор на членови на совет на Општина Кавадарци поднесена од подносителот Група избирачи Гоце Ристов, со образложение дека листата за членови на совет на Општина Кавадарци Група избирачи Гоце Ристов, не е во согласност по член 64 став 5 за родова застапеност и друг недостаток. Укажува дека оспореното решение е потпишано од претседателот на ОИК Кавадарци, а не биле потпишани сите членови на ОИК Кавадарци кои присуствувале на седницата кога е донесено оспореното решение арх.бр.11-28/5 од 17.09.2025 година. Побара Судот да ја уважи тужбата на тужителот, оспореното решение на тужениот орган бр.11-28/5 од 17.09.2025 година да го стави вон сила т.е. укине и со тоа да дозволи учество на Локални избори 2025 на Група избирачи Гоце Ристов, со укажување дека доколку не се укине т.е. стави вон сила предметното решение на Општинската изборна комисија Кавадарци, ќе смета дека се дискриминирани и им е повредено уставното право да бидат избирачи и да бидат избрани на избори, кое повеќе пати е спомнувано од претседателот на ДИК на РСМ Борис Кондарко и потврдено од Уставен суд на РСМ.

Тужениот орган ги достави списите по предметот со доказите и во Одговор на тужба наведе дека тужениот орган останува во целост на наводите во образложението на Решението за отфрлање на листата на кандидати за избор на членови на совет на Општина Кавадарци бр.11-28/5 од 17.09.2025 година.

Судот, имајќи ги во предвид наводите на тужителот изнесени во тужбата, одговорот на тужба, како и со увид во списите на предметот доставени од тужениот орган, најде дека:

Тужбата е ненавремена.

Согласно член 67 став 7 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ бр.40/2006, 136/2008, 148/2008,155/2008,163/2008, 44/2011, 51/2011,142/2012, 31/2013,34/2013,14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016,142/2016, 67/2017, 125/2017, 038/2018, 99/2018,140/2018, 208/2018, 27/2019 и „Службен весник на РСМ“ бр.98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/2021, 58/24 и 76/24), Против решението на општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје од ставот (4) на овој член може да се поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 48 часа од приемот на решението. Согласно став 9, од истиот член Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 24 часа од приемот на тужбата. Согласно став 10 од истиот член, Доставување на приговор и тужба по пошта не е дозволено.

Во конкретниот случај, видно од доставените списи од тужениот орган односно од доставницата за прием на оспореното решение, Судот утврди дека овластено лице Гоце Ристов од Кавадарци на тужителот Група избирачи Гоце Ристов, оспореното решение на Општинска изборна комисија Кавадарци бр.11-28/5 од 17.09.2025 година го примил на ден 24.09.2025 година, а предметната тужба за управен спор против истото решение до Управниот суд ја поднел на рака на ден 29.09.2025 година во 12:04 часот, што е видно од приемниот печат на судот, односно по истекот на преклузивниот рок од 48 часа за поднесување на тужба за управен спор, предвиден во членот 67 став 7 од Изборниот законик.

Со оглед дека оспореното решение тужителот го примил на ден 24.09.2025 година, последниот рок за поднесување на предметната тужба бил на ден 26.09.025 година, од каде и неспорно произлегува дека тужбата е поднесена по истекот на законскиот рок, Судот одлучи како во изреката на ова решение, согласно член 67 став 9 од Изборниот законик.

РЕШЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 30.09.2025 година под УРП.бр.80/2025.

Записничар – судски советник
Добрила Бришкоска Арсова

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

Пресудата да се достави на:
- тужителот
- тужен орган - Општинска изборна комисија Кавадарци

.

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

МЃ/